UDK: 61+061.231=866=20 CODEN:MKMPA3 ISSN0025-1097

МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# КНИГА НА АПСТРАКТИ
# ABSTRACT BOOK

## *IV Македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество*

## *IV Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting*

**Охрид, 27-31 мај 2009**
**Ohrid, 27-31 May 2009**

P-164

### ФРЕКВЕНЦИЈА НА ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС КАЈ СХИЗОФРЕНИ ПАЦИЕНТИ ТРЕТИРАНИ СО АТИПИЧНИ НЕВРОЛЕПТИВИ

**Најдовска С.,** Филов И., Кузмановски Л., Стојческа Н. [redacted]
Психијатриска болница Демир Хисар

**Вовед:** Од повеќе студии во литературата дојдено е до заклучок дека експресијата на тип 2 дијабетес мелитус е поголема кај пациенти третирано со атипични невролептици, отколку кај нормална популација.
**Материјал и метод:** Заради потврда на горенаведената теза направенао е истражување во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар кај 45 пациенти, кај кои според МКБ 10 е дијагностицирана шизофренија. Од нив 30 се третирано со Рисперидон, 15 со Клозапин. Во период од приемот во наредните две години анализирани се вредностите се вредностите на гликемијата на секои три месеци.
**Резултати:** При приемот гликемијата беше во нормални граници. Ви текот на двете гогини под невроплептичка терапија се развија промени во гликемијата во вредности од 7-11 ммол /л, кај девет пациенти, од нив три на Клозапин и шест на Рисперидон. Исто така имаше и варијации во телесната тежина.
**Заклучок:** Третманот со атипични веролептици дава метаболни промени во регулацијата на гликемијата во крвта, како и промени во Body mass index.

P-165

### НАШЕ КЛИНИЧКО ИСКУСТВО СО РИСПОЛЕПТ КОНСТА ВО ТРЕТМАНОТ НА ПОСТАРИ ПАЦИЕНТИ

**Никушева М.,** Роза К., Идриз Н.
Психијатриска болница "Скопје" - Скопје

**Цел:** Прикажано е нашето клиничко искуство во ефективноста и сигурноста на Рисполепт Конста во третманот на постари пациенти со индикација за депо терапија.
**Материјал и Методи:** Рисполепт Конста беше аплициран кај 8 пациенти со возраст над 65 години, со дијагноза Перзистентно налудничаво растројство кај 5 пациенти и 3 со Шизофрено растројство, хоспитализирани на Одделот за психогеријатрија во текот на последната година. Претходно пациентите имале повеќекратни хоспитализации, ја прекинувале пер осс терапијата релативно брзо после исписите и кај сите пациенти било присутно агресивно однесување пред хоспитализацијата. По поставување на индикација за депо препарат беше аплицирано Рисполепт Конста од 25 мг. на 3 недели, според протоколот за дозирање и апликација.
**Резултати:** Анализата покажа задржување на добра психичка состојба кај 7 од 8 пациенти. Еден пациент после 3 месеци имаше влошување на психичката состојба со психотичност и рехоспитализација. Другите 7 пациенти се во добра психичка состојба, без рехоспитализација, со добар квалитет на живот.
**Дискусија:** Рисполептот Конста беше добро толериран и не беше асоциран со посериозни несакани ефекти. Не се регистрираше промена на когнитивниот статус. За жал 3 пациенти веќе ја прекинаа депо терапијата заради финансски причини. Како и да е потребни се понатамошни клинички искуства.

P-166

### НЕСАКАНИ ДИСТОНИЧНИ СИМТОМИ КАЈ НЕВРОЛЕПТИЧНА ТЕРАПИЈА КАЈ ПАЦИЕНТ СО ПАРАНОИДНА ШИЗОФРЕНИЈА

**Степаноска Ј.,** Стефановски Б., Стојчевска Н., Ристевска Г., Алачка Д.
Клиника за психијатрија - Скопје

Појавата на екстрапирамидална симтоматологија кај пациенти кои се лекувани со антипсихотици од првата генерација е многу честа а се манифестира почесто со тремор, ригор како тардитивна дискинезија а поретко како дистонија.Пациентка на 62 годишна возраст која 30 години station наназад боледува од параноидна шизофренија, која прв пат е хоспитализаирана 1991 година. Пациентката повеќе од 15 години континуирано е лекувана со fluphenazine во орална и депо форма терапија која во 2007 год. поради појава на екстрапирамидални симтоми нагло е прекината и заменета со атипичен антипсихотик olanzapine. По оваа промена се јавува дистонија со манифестирање на: дистонија, несинхронизирана контракција на паравертебралната мускулатура, опистотонусно држење на телото, дискинетични движења на долните екстремитети, атаксичен од поради моторната дисинхронизација поради што е остварена и третата хоспитализација. Вратена е на ниски дози на fluphenazine, потоа на clozapine, amytriptiline, антихолинергик - biperidin и amatadine sulfate по што кај пациентка се регистрираше делумна редукција на дистонијата. Пациентката редовно амбулански е контролирана по што се регистрира редукција на параноидната симтоматологија но без подобрување на дистонијата, пациентката е резистентна на секоја терапија која би ја ублажила дистонијата.